РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-383/10
16-10-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 9 – та седница одржана на 09.10.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот бр.09-383/1 од 24.01.2024 година, оформен по сопствена иницијатива против лицето ___________, директор на ОУ _______________, **СЕ ЗАПИРА.**
По доставениот Записник за констатиран прекршок и прекршочен платен налог, поради констатирани повреда на одредби од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, службеното лице изврши уплата на предвидената глоба и поради промена на фактичка состојба, ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување.
Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 09-383/1 од 24.01.2024 година е оформен по сопствена иницијатива, со наводи дека лицето ____________ ја извршува функцијата директор на _________________, избрано од страна на градоначалникот на општина ______- со акт бр. 09-275/1 од 27.01.2023 година во исто време како сопственик управува со Друштвото за производство, трговија и услуги ________ увоз-извоз ДООЕЛ, _______.
ДКСК направи увид во поднесениот Образец Изјава на интереси од страна на лицето ____________ со број 09-2335/1 од 31.03.2023 година, по што утврди дека истата ја врши функција директор на ОУ ________, и како сопственик управува со Друштвото за производство, трговија и услуги __________ увоз-извоз ДООЕЛ, _______, по што вака констатираната состојба е спротивна на член 45 став 1 од Законот за спречување

корупцијата и судирот на интереси што претставува прекршок казнив по член 105 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси.

Имено, ДКСК со допис Известување и барање на информации заведен под број 09-383/2 од 06.02.2024 година се обрати до лицето ____________ дали сеуште ги извршува горенаведените функции и доколку ги извршува/има престанок во прилог да ги достави актите за избор ( именување или назначување) / актот за престанок.

Од Дописот испратен по пошта ДКСК немаше добиено повратница дали лицето ____________ го има добиено испратеното барање.

Со Побарувачен лист бр.09-383/3 од 21.03.2024 година ДКСК се обрати до Македонска пошта, од каде што ја информираа ДКСК со Информација за пратка бр.09-383/4 од 23.04.2024 година дека пратка за лицето ____________ не е испорачана.

ДКСК при направена проверка во Дистрибутивниот система на Централниот регистар на РСМ од Тековната состојба издадена за Друштвото за производство, трговија и услуги ______________ увоз-извоз ДООЕЛ, ____________, ДКСК утврди дека лицето Елизабета Нанчовска сеуште е сопственик и управува со друштвото.

Согласно наведеното, ДКСК констатира дека од страна на лицето ________________ е сторен прекршок, по што согласно Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.96/2019) состави Записник за констатиран прекршок и беше понудена постапка за порамнување со издавање на Прекршочен платен налог. Во врска со понудената постапка за порамнување, именуваната во законски определениот рок ја имаше платено глобата по издаден прекршочен платен налог, доказ Извод на промет и состојба на сметка од 27.05.2024 година заведен под бр.09-383/7 од 28.05.2024 година во износ од 9.226,00 денари.

Со допис 09-383/8 од 08.07.2024 година до именуваната ДКСК достави допис Укажување со кое и беше укажано дека констатираната состојба на повреда на ограничувањето за вршење на дејноста за време на вршење на функцијата може да ја надмине единствено доколку управувањето со трговското друштво го довери на друго лице или тело, освен на членовите на нејзиното семејство согласно член 45 став 1 од ЗСКСИ и дека е потребно до ДКСК да достави соодветен доказ во рок од 15 дена по приемот на дописот.

Со допис бр.09-383/9 од 01.08.2024 година лицето __________ достави доказ Потврда за прием и Решение издадено од Централниот регистар на РСМ и од истото е видно дека именуваната има извршено промена на овластено лице / орган на управување.

При проверка во Дистрибутивниот систем на Централниот регистар во Тековната состојба издадена од 01.08.2024 година бр. 0805-50/150020240272292 како управител е лицето ________ додека __________ е само сопственик на правното лице Друштвото за производство, трговија и услуги __________ увоз-извоз ДООЕЛ, ________.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: м-р Б.К – виш соработник
Контролирал: К.З – раководител
Одобрил: Б.Ц. – член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk